Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2022, до 30.9.2021 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2022. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk**me shënim Iniciativa për PVQRMV 2022, deri më 30.9.2021.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата:
Здружение на граѓани „Куќа на среќата“ - Скопје

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):
7481705

Седиште и адреса (улица, број, општина):
„Душко Поповиќ“ 33/2 Бутел, Скопје

Застапник:
Маргарета Талески
Веб страница:
www.kukjanasrekjata.mk
Електронска пошта (e-mail):
kukja.na.srekjata@gmail.com
Телефонски број за контакт:
070300608
Лице за контакт:
Маргарета Талески

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Emri i shoqatës/ fondacionit:

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Procesverbali:

Faqja e internetit:

Posta elektronike ( e-mail):

Numri i telefonit për kontakt:

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година

**Наслов на иницијативата:**
**Сончогледи кон сонцето за видлива и невидлива попреченост**

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2022

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Иницијативата сончогледи кон сонцето за видлива и невидлива попреченост е поврзана и може да даде свој придонес со стратешкиот приоритет на Владата кој се однесува на социјална политика делот кој се однесува за лицата за попреченост и нивните семејства.
Еден од приоритетите на Владате е за полесно остварување на своите права сите лица кои што се регистрирани во националниот регистар на лица со попречености ќе имаат единствена идентификациона картичка преку која ќе имаат бесплатен пристап до услуги, како и создавање на регистар на лица со попреченост.
**Иницијативата сончогледи кон сонцето за видлива и невидлива попреченост** која ја започна здружението на граѓани „Куќа на среќата" веќе има идентификациона картичка и лента која ја носат лицата со попреченост со препознатлив знак сонце и сончоглед и која содржи лични податоци, податоци за попреченоста, како и контакт телефон и телефон во итни случаи.
Здружението на граѓани со поделба на сончогледовите картички и ленти води и евиденција на лицата која ја носат со создавање на регистар со сериски број посебно за секоја картичка.

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik tëcaktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Целта на носењето на идентификационата картичка и лента е да ги препознаеме лицата со попреченост, да ги разбереме, да им помогнеме, да ги сакаме и да бидат еднакви со сите граѓани, како и создавање на единствен регистар во кој ќе биде наведене видот на попреченост, степеност на попреченоста...
Преку давањето на идентификационите картичките ние како здружение се трудиме да им обезбедиме бесплатни услуги и попусти кои би ги добивале од институциите, правните субјекти и сите останати граѓани.
Секое лице кое ќе ја носи лентата заедно со картичката да добие предност внимание и разбирање од сите граѓани, без разлика дали тоа

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

ќе се однесува на извршување на определени обврски, чекањето на ред пред институции, банки, маркети, јавен превоз.... Покрај вниманието, разбирањето, предноста која би ја добиле лицата со попреченост преку оваа иницијатива насотјуваме да ја подигнеме општествената свест и инклузивноста на повиско ниво со цел прифаќање на различностите.
За да нема злоупотеби во поглед на картичките кои ги носат лицата со попреченост изработивме и посебен регистар каде секоја картичка содржи и сериски број и податоци за носителот на картичката, како и лице за контакт во итни случаи.
Регистарот кој го водиме е во нивна согласност и пријава врз основа на поденесена апликација и барање за картичка и лента, како и со целосна заштита на личните податоци

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat ikapitullit dhe rajonit)

Иницијативата ја спроведуваме на целата територија на Република Северна Македонија и во поглед на НППА и со идентификационата картичка и регистарот на лицата со попреченост ќе се создаде и усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, односно лицата со попреченост ќе бидат еднакви со сите граѓани, без да бидат дискриминирани, со можност полсно да ги остварат своите права, да ги препознаеме и помогнеме како и да бидеме во целост инклузивно општество.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Иницјативата ја започнавме во месец ноември 2020 година.
Иницијативата наиде на голема поддршка и разбирање од сите лица, без разлика дали се со попреченост или не.
Со самата иницијатива се опфаќаат сите лица кои се попреченост без разлика дали тие се со видлива или пак невидлива попреченост. За разлика од видливата попреченост која можеме да ја забележиме, невидливата попреченост неможеме да ја препознаеме зошто лице кое е со невидлива попречесност навидум е ист како

и сите лица со попреченост, но неговото однесување може да наиде на осуда и неразбирање од останатите граѓани, бидејќи попреченоста не ја гледаме. На пример аутистичко дете, може да на разни осуди поради неговото однесување во определен момент зошто ние таа попреченост не ја гледаме. Со носењето на картичката и лентата лицата со попреченост ни испраќаат порака да ги препознаеме, порака дека кај нив постои некоја попреченост која е видлива, минимално или потполно невидлива. Со овој проект им даваме предност на овие лица и тие да се чуствуваат забележани, видливи, разбрани, прифатени и заштитени – особено во ситуации кои се вон нивниот капацитет за справување.

**Главната цел на оваа иницијатива е** да се подигне свеста за лицата со посебни потреби, како на оние со видлива така и на оние со невидлива попреченост, лицата со попреченост да добијат идентификациона картичка, бесплатни услуги и поволности, а со тоа и да се создаде регистар на сите попречености, без разлика на нивната видливост или невидливост.

Некои од алатките на овој проект се бесплатно делење на инклузивна лента и картичка за посебните, брендирање и обележување на објектите и средствата за јавен транспорт со цел развој на едно подобро општество, обележување и брендирање на институции, продавици, салони, банки со знакот на сонцето и сончогледот за едно потолерантно и инклузивно општество базирано на разбирање и солидарност со оние понемоќните.

Повеќе информации и за самата иницијатива можете да погледнете и на facebook групата „Сончогледи кон сонцето за видлива и невидлива попреченост“ која брои над 7000 членови и во која се дава голема поддршка на лицата со попреченост, нивно информирање, како и нивна вклученост во целата иницијатива.
Линк од групата:
https://www.facebook.com/groups/844281499712264/posts/1027857654687980

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)
Очекуваме сите лица кои се со попреченост да добијат идентификациона картичка, која ќе им биде од помош, со која ќе добијат поволности, еднаквост со сите граѓани, полесно остварување

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

на нивните права и полесен пристап до потребните услуги, а со тоа и создавање на единстен регистар на лица со попреченост, во која ќе биде наведена попреченоста, ќе биде направено разграничување на видот на попреченоста, дали е таа видлива или невидлива, потврдена или не.....

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

Финансисиските импликации кои произлегуваат од оваа иницијатива се однесуваат во обезбедувањето на идентифакционата картичка и лента за носење на истата, создавање на апликативен систем, како и на посебен софтвер за создавање на регистар на лица со посебни потреби.
Средствата можат да бида обезбедени од ЕУ фонови.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот:
Маргарета Талески
Скопје, 30.09.2021 година

М.П.

Združenie na graѓani za graѓanski aktivizam, humanizam, pravna zaštita, ekonomija, kultura, edukacija, informatička tehnologija, socijalna zaštita, rodova ednakvost i inkluzija
КУЌА НА СРЕЌАТА

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2021------------------------------

V.V